# ВАЖНО!

## ВАКЦИНАЦИЈАТА ЗА ЛИЦАТА КОИ ИМААТ 65 ГОДИНИ И ПОВЕЌЕ Е БЕСПЛАТНА.

Вакцинацијата против грип не е 100% гаранција дека вакцинираното лице нема да се разболи од грип, но дури и да добие грип, ќе биде во поблага форма, а ризикот од компликации, хоспитализација и смрт значително намален. Употреба на лекови за превенција од грип не се препорачува!



## ЗАКАЖЕТЕ ВАКЦИНАЦИЈА ПРЕКУ ВЕБ ПЛАТФОРМА!

Закажувањето за бесплатните вакцини се одвива преку интернет страницата
www.vakcinacija.mk

Со пополнување на формата, се регистрирате за вакцинација, директно во системот Мој Термин. По пат на СМС порака, ќе добиете информација за точниот датум и час за вакцининација на пунктот кој ќе го изберете при регистрацијата.

Дополнително, комерцијална вакцина против сезонски грип може да добиете во најблискиот Центар за јавно здравје без претходно закажување.



Република Северна Македонија
Министерство за здравство
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Shëndetësisë
PIVI
Partnership for International Vaccine Initiatives
THE TASK FORCE FOR GLOBAL HEALTH

# АКО СИ 65 ГОДИНИ ИЛИ ПОВЕЌЕ

## ДАЛИ ЗНАЕШ ДЕКА ГРИП ИЛИ ИНФЛУЕНЦА може да биде сериозна болест, особено за повозрасните лица?

ЛИЦАТА НА 65 И ПОВЕЌЕ ГОДИНИ ГО НОСАТ НАЈГОЛЕМИОТ ТОВАР НА ТЕШКА ФОРМА НА БОЛЕСТ.



## ФАКТ: Луѓето постари од 65 години се со повисок ризик од развој на сериозни компликации од грип, во споредба со млади, здрави возрасни.

Овој ризик делумно се должи на:
- промените во имунолошкиот одбрамбен систем со зголемување на возраста.
- возрасните лица 65+ кои имаат хронични заболувања имаат дополнителен фактор кој ги става на поголем ризик од сериозни компликации од грип.

*Се проценува дека помеѓу 70 и 85 проценти од сезонските смртни случаи поврзани со грип се случиле кај лица на 65 години и постари, а помеѓу 50 и 70 проценти од сезонските хоспитализации поврзани со грип се случиле кај лицата во оваа возрасна група.*
*(Извор ЦДЦ)*



## ФАКТ: Сезонската вакцинација против грип е најдобриот начин да го намалите ризикот да заболите од грип и неговиот потенцијал за сериозни компликации.

Вакцинацијата го намалува ризикот од заболувањето од грип и појавата на сериозни компликации кои можат да резултираат со хоспитализација или дури и смрт кај повозрасните луѓе.

Вакцината против грип штити од вирусите на грипот кои ќе бидат доминантни во текот на претстојната сезона.

ВАКЦИНИТЕ ПРОТИВ ГРИП СЕ БЕЗБЕДНИ И НЕ ПРЕДИЗВИКУВААТ ГРИП.

ГОДИШНАТА СЕЗОНСКА ВАКЦИНАЦИЈА ПРОТИВ ГРИП ПОМАГА ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ НАЈДОБРА МОЖНА ЗАШТИТА ОД ГРИП.

## ФАКТ: Несаканите ефекти од вакцините против грип се благи во споредба со потенцијално сериозните последици од инфекција со вирусот на грип.

По добивањето на вакцината против грип, може да имате некои несакани ефекти кои најчесто се благи и вклучуваат болка, осетливост, црвенило и/или оток на местото на убодот на вакцината. Понекогаш може да имате главоболка, болки во мускулите, треска и гадење или чувство на замор.

